**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 04-82/15
Скопје: 20.04.2021

Врз основа на член 52 став 1, 2 и 5 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ„ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, и 11/18), генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за избор на кандидат за унапредување преку објава на интерен оглас број 01/21**

1. За извршител на работно место со шифра УПР0101Б04000-Раководител на одделение за надзор на државната помош, Одделение за надзор на државната помош, Сектор за контрола на државната помош, е избиран кандидатот Исљам Алиу.
2. За извршител на работно место со шифра УПР0101В01000-Советник за комуникација и односи со јавноста, Одделение за комуникација и односи со јавноста и управување со човечки ресурски, Сектор за општи и пправни работи, е избиран кандидатот Дритон Елмази
3. За извршител на работно место со шифра УПР0101Г01000-Самостоен референт за пресметка на плати и благајнички работи, Одделение за финансиски прашања, е избран кандидатот Саид Семра.
4. Именуваните кандидати ќе бидат унапредени на работните места од точка 1, 2 и 3 во рок од пет дена по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе ново решение за распоредување.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

Во врска со интерениот оглас за унапредување број 01/2021 објавен на 07.04.2021 година на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата и Агенцијата за администрација, за унапредување по пат на интерен оглас, Комисијата за селекција за унапредување, формирана со решение бр.04-82/4 од 16.04.21, 04-82/5 од 16.04.21 и 04-82/6 од 16.04.21 година. на ден 20.04.2021 година во 10.00 часот во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, изврши административна селекција со проверка на веродостојноста на докази на пријавените кандидати-Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-82/7, 04-82/8 и 04-82/9 од 20.04.2021 година.

Истиот ден во 10.30 часот се спроведе интервју со администратините службеници за работно место под број 2 УПР0101В01000-Советник за комуникација и односи со јавноста, Записник од работата на Комисијата за унапредување на административен службеник бр.04-82/11 и работно место под реден број 3 УПР0101Г01000-Самостоен референт за пресметка на плати и благајнички работи --Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник 04-82/12 од 20.04.2021 година, а во 11.00 часот се спроведе интервју со административниот службеник за работно место под реден број 1 УПР0101Б04000-Раководител на одделение за надзор на државната помош-Записник од работата на Комисијата за унапредување на административен службеник бр.04-82/10 од 20.04.2021 година.

Врз основа на доставената финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлуката за избор на прворангиран кандидат од селекцијата по интерен оглас 01/2021 година генералниот секретар изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Врз основа на горе наведеното се донесе одлука како во диспозитивот

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**Правна поука**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од осум дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Комисија за заштита на конкуренцијата**

**Генерален секретар**
**Розана Ванковска**

**Доставено до:**

**-Административен службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси**
**-Архива**